**ЗАПИСНИК**
**од четириесет и седмата седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 30.07.2020 година**

На четириесет и седмата седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 12 часот присуствуваа 19 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Лилјана Кичукова вработена во општината, Златко Зумров директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, Тони Николов вработен во општината, Станка Карајанова вработена во општината, Претставници од Центарот за развој на југоисточниот плански регион, Катерина Ризова вработена во општината, Весна Ристова директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија" – Гевгелија, Дамјан Ѓуров директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија и Горан Динев командир по сообраќајна полиција во ПС од општа надлежност-Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет, Тодор Ристов ја отвори четириесет и седмата седница на Совет на Општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од четириесет и шестата седница одржана **на 19.06.2020** година.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот го стави на гласање записникот од четириесет и шестата седница и **Советот еднogласно го усвои.**

За работа на четириесет и седмата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај на Буџетот на Општина Гевгелија,

2.Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на ЛЕР и прекуграничната соработка за 2020 година.

3.Предлог-Одлука за приоритет на проект за изработка на техничка документација за „Изработка на Инфраструктурен и Основен проект за сообраќајница од крајот на ул."Борис Кидрич", до граница со Р.Грција.

4.Предлог-Одлука за приоритет на проект за изработка на техничка документација за „Секундарна мрежа за гасификација на Гевгелија”, општина Гевгелија,

5.Информација од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата со водоводните системи во населените места Ново Конско и Конско,

6. Предлог-Одлука за превземање на водоводот од Месната заедница на с.Ново Конско и отстапување на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија,

7.Предлог-Одлука за измена на трасата на линиски инфраструктурен објект за дополнително сообраќајно поврзување на град Гевгелија со граничен премин Богородица,

8.Информација за состојбата со новото градско пазариште во Гевгелија,

9.Информација за текот на постапката за отворање на Детската градинка во населеното место Прдејци,

10.Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на југоисточниот плански регион за 2019 година,

11.Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за решавање на проблемот со бездомните животни,

12.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2021 година,

13.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2021 година,

14.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2021 година,

15.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци за 2021 година,

16.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Климент Охридски"- Миравци за 2021 година,

17.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за 2021 година,

18.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура “Македонија“ - Гевгелија за 2021 година,

19.Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Библиотека “Гоце Делчев“ Гевгелија за 2021 година,

20.Предлог-Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од општа надлежност-Гевгелија за 2020 година,

21.Информација за состојбата со мигрантската криза од 01.01.2020 до 30.06.2020 година, со акционен план за превенција и справување со влез и транзитирање на мигранти низ територијата на РСМ,

22.Информација за работењето на Регионалната занаетчиска комора-Гевгелија за периодот од 2019 година до 15.06.2020 година.

**Тодор Ристов Претседател на Совет** отвори претрес по предложениот дневен ред:

**Томе Кичуков член на Совет** –Советникот апелира до надлежните институции да обратат повеќе внимание на вечерните часови во Гевгелија бидејки има поплаки од граѓаните кои живеат кај новото пазариште каде што се собираат деца и прават неконтролирана врева до раните утрински часови.Истите појави се случуваат и во дворовите на основните училишта па затоа побара од наделжните институции да се преземат мерки за да не дојде до појава на несакани последици како во други општини во државата.

Советникот како дел од независната листа предложи нова точка на Дневен ред а тоа е :Регионален центар за КОВИД 19 во Општина Гевгелија и смета дека локацијата каде што е предвиден  овој центар е несоодветна и немаме доволно стручен кадар па токму поради овие причини смета дека оваа точка треба да биде ставена на Дневен ред и да се образложи детално како и каде ќе функционира овој центар.

**Тодор Ристов претседател на Совет** – во однос на забелешката на советникот Кичуков од сопствено и од име на Советот апелирам до институциите кои се за контролирање на ред и мир што побрзо да спроведат соодветни мерки и исто така апелирам до сите граѓани за совесно однесување и почитување на мерките.

**Сашо Поцков Градоначалник на општина Гевгелија** на првата забелешка на советникот образложи дека на последниот состанок на Кризен штаб се разговарало токму за оваа проблематика за собирањата на поголеми групи деца во угостителските објекти и во школски дворови и ќе се преземат мерки на санкционирање од надлежните институции за регулирање на таквата појава.Се користат сите расположливи сили да  се помогне на сите граѓани ,да имамаме што почиста епимедиолошка слика и што помалку заболени.Во однос на отворање на Регионален центар за КОВИД 19 во Општина Гевгелија Градоначалникот објасни дека Гевгелија е една од шеснаесетте општини во државата каде што ќе се отвори таков центар и смета дека најдобро е оваа точка да се стави на Дневен ред за наредната седница и да се повикат стручни лица кои детално ќе објаснат како и каде ќе функционира овој центар.

**Советникот Томе Кичуков** го повлече предлогот за нова точка и прифати точката да биде ставена на Дневен ред за наредната седница и даде сугестија за во наредните седници да се стави точка на дневен ред и за образованите односно за тоа кои мерки ќе бидат преземени за почеток на школската година кога ќе започне школската година.

**Ристо Камов член на Совет** - Во последните неколку седници додека траеше вонредната состојба јас укажував кон вас како Претседател на Совет бидејќи за време на вонредната состојба сите одлуки кои ги носеше владата имаа

силна законска мерка бидејќи собранието не работи .Вонредната состојба помина меѓутоа во Статутот на Општина Гевгелија пишува дека Советот работи и во воени услови и не е причина тоа што нема посебен закон за вонредна состојба и како институциите да работат во ваква состојба па затоа беше причината за дилема дали да се прогласи кризна или вонредна состојба .Како што кажа и Градоначалникот претходно во периодот што претстои општинската власт заедно со Градоначалникот и Советот ќе имаат такви ингиренции и за тоа што конкретно не е напишано во Статутот и ќе треба од принципот на субсудијарност што наложува законот за Локална самоуправа сите овие проблеми што ќе ни се јавуваат да ги решаваме што побргу и што поадекватно на ситуацијата која доаѓа.Оваа пандемија ќе потрае со години и само уште еднаш ќе додадам да се искористи онаа право кои е дадено со Законот за локална самоуправа во вонредна состојба и да се искористат сите ингиренции што ги има локалната самоуправа за поефикасно решавање и надминување на овој кризен период .

Претседател на Совет го стави дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 1. Предлог-Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај на Буџетот на Општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај на Буџетот на Општина Гевгелија.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината ,Марија Магдинчева Шопова ,Тихомир Ручкоманов,Магдалена Делковска,Ристо Камов,Тодор Ристов ,Томе Кичуков членови на Совет.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај на Буџетот на Општина Гевгелија и **Советот со 11 гласа за ,5 против и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 2. Предлог-Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на ЛЕР и прекуграничната соработка за 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на ЛЕР и прекуграничната соработка за 2020 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Тони Николов вработен во општината.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на ЛЕР и прекуграничната соработка за 2020 година и **Советот со 10 гласа за ,5 против и 1 не гласал ја усвои.**

**Точка 3. Предлог-Одлука за приоритет на проект за изработка на техничка документација за „Изработка на Инфраструктурен и Основен проект за сообраќајница од крајот на ул."Борис Кидрич", до граница со Р.Грција.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за приоритет на проект за изработка на техничка документација за „Изработка на Инфраструктурен и Основен проект за сообраќајница од крајот на ул."Борис Кидрич”, до граница со Р.Грција

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Тони Николов вработен во општината,Ристо Камов ,Зоран Лазаровски членови на Совет.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за приоритет на проект за изработка на техничка документација за „Изработка на Инфраструктурен и Основен проект за сообраќајница од крајот на ул."Борис Кидрич”, до граница со Р.Грција и **Советот со 18 гласа за ја усвои.**

**Точка 4. Предлог-Одлука за приоритет на проект за изработка на техничка документација за „Секундарна мрежа за гасификација на Гевгелија”, општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за приоритет на проект за изработка на техничка документација за „Секундарна мрежа за гасификација на Гевгелија”, општина Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Тони Николов вработен во општината,Ристо Камов членна Совет.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за приоритет на проект за изработка на техничка документација за „Секундарна мрежа за гасификација на Гевгелија”, општина Гевгелија и **Советот со 17 гласа за ја усвои.**

Претседателот на Совет предложи точките 5 и 6 да се разгледуваат заеднички а да се гласат поединечно и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

**Точка 5. Информација од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата со водоводните системи во населените места Ново Конско и Конско.**

Претседателот отвори претрес по точките 5 и 6.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Златко Зумров директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија , Ристо Камов,Ристо Ѓоргиев членови на Совет.**

**Точка 6.Информација од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата со водоснабдувањето во населените места во општина Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за состојбата со водоснабдувањето во населените места во општина Гевгелија.

**Ристо Ѓоргив член на Совет** даде предлог точката под реден број 23 да се стави како наредна точка и **Советот не го прифати овој предлог.**

**Точка 7. Предлог-Одлука за измена на трасата на линиски инфраструктурен објект за дополнително сообраќајно поврзување на град Гевгелија со граничен премин Богородица.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за измена на трасата на линиски инфраструктурен објект за дополнително сообраќајно поврзување на град Гевгелија со граничен премин Богородица

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Станка Карајанова вработена во општината,Ристо Камов член на Совет.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за измена на трасата на линиски инфраструктурен објект за дополнително сообраќајно поврзување на град Гевгелија со граничен премин Богородица и **Советот со 12 гласа за и 4 воздржани ја усвои.**

**Точка 8**. **Информација за состојбата со новото градско пазариште во Гевгелија.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата за состојбата со новото градско пазариште во Гевгелија

Во претресот по оваа точка учествуваа:**Тихомир Ручкоманов,Ристо Камов,Томе Кичуков,Магдалена Делковска,Андон Сарамандов членови на Совет и Сашо Поцков Градоначалник на општината.**

**Точка 9**. **Информација за текот на постапката за отворање на Детската градинка во населеното место Прдејци.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата за текот на постапката за отворање на Детската градинка во населеното место Прдејци

Во претресот по оваа точка учествуваа:

**Тихомир Ручкоманов член на Совет** –"Ова е вториот проект во Општина Гевгелија кој сеуште нема завршница заради проблеми на општината со Министерството за образование. Има проблем околу тоа дали е запазена целата постапка и како да се реши сега кога не се добиени некои согласности ,дозволи или некои одобренија кога се градела оваа детска градинка .Од тоа што јас успеав да го добијам како информација сметам дека најповикана институција во овој момент би била Државниот инспекторат за локална самоуправа и мислам дека администрацијата и Градоачалникот треба да побараат да дојде Државниот инспекторат за локална самоуправа да направи увид во документацијата , да ја констатира состојбата во овој момент која што се наоѓа детската градинка и да ни посочи каде понатаму треба да се бара решението за што е можно побрзо отварање на овој објект.Знаеме дека и опремата е набавена уште пред три години и почнува веќе да се амортизира и сметам дека е време да се надминат овие административни пречки и да се стави овој објект во функција. Ќе побарам Градоначалникот и администрацијата да побарат од Државниот инспекторат за локална самоуправа да дојде во најбрз временски период да ја констатира состојбата во целата посттапка и да ни укаже на тоа каде понатаму да се бара решението."

**Ангелинка Петкова член на Совет**-"Што се однесува до градинката во населено место Прдејци и јас имам се обраќано повеќе пати до Градоначалникот

како советник зошто сеуште не е пуштена во употреба и укажано ми е како и вчера на комисиите дека причината е недобивање на согласност од Министерството за образование.Пред вас и пред граѓаните се обврзувам како иден пратеник да го поставам оваа прашање во собранието и да се обратам до Министерството за образование за да се најде причината зошто градинката неможе да се даде сеуште во употреба."

**Сашо Поцков Градоначалник на општината**-"Ќе го прифатам предлогот на советникот Ручкоманов и ќе се обратиме до Државниот инспекторат за локална самоуправа.Изминатите три години се обидував преку лични контакти во Министерството за образование да се надмине овој проблем но до сега не беше изнајдено решение .Во собранието има пратенички прашања ,ќе бидеме во кординација со пратениците од нашата општина за да се постави такво прашање се со цел да се надмине овој проблем и да се пушти во ушотреба оваа детска градинка ."

**Тодор Ристов Претседател на Совет**-"Сметам дека секој проект или секоја постапка ,секое нешто што сакаме да го направиме во општината како Совет како општина треба да биде темелено на законот и да се запазат сите постапки и процедури кои што се напишани за да не дојдеме во ситуација како оваа да изграден објект со обезбедена опрема неможе да биде во функција.Од дописот кој што го добивме од стручните служби гледаме дека уште тогаш министерството на јавната презентација дало негативно мислење.Знаеме дека Градоначалникот има направено доста притисок до централните служби она што можеби е законска кочница да може да се реши со некое разумно решение за да тој објект биде функционален и да ги оправди средствата кои се вложени таму а и граѓаните да можат да ги користат тие услуги.Сметам дека со самото тоа што овој проблем го ставивме како точка на Дневен ред го издигнавме не едно повисоко ниво и со ангажманот на Градоначалникот а сега и на пратеничките ќе овозможиме оваа детска градинка во најбрзо време да биде отворена.Сепак ова треба да ни биде поука за во иднина кога се прават било кои проекти поред да се обезбедат потребните документи и согласности да не се отпочне со нивна реализација бидејќи тоа создава одреден сомнеж. "

**Точка 10. Предлог-Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на југоисточниот плански регион за 2019 година**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на југоисточниот плански регион за 2019 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Претставници од Центарот за развој на југоисточниот плански регион ,Игор Илков,Магдалена Делковска, членови на Совет, Сашо Поцков Градоначалник на општината.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на југоисточниот плански регион за 2019 година и **Советот со 12 гласа за и 4 против го усвои.**

**Точка 11. Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за решавање на проблемот со бездомните животни.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за решавање на проблемот со бездомните животни.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Претставници од Центарот за развој на југоисточниот плански регион ,Тихомир Ручкоманов,Александра Кочева,Томе Кичуков,Андон Сарамансов членови на Совет, Сашо Поцков Градоначалник на општината.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за прифаќање на Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за решавање на проблемот со бездомните животни и **Советот со 10 гласа за , 5 против и 2 не гласале го усвои.**

**Точка 12. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2021 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Катерина Ризова вработена во општината.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ "Јосиф Јосифовски"-Гевгелија за 2021 година и **Советот со 9 гласа за и 5 против и 2 не гласале го усвои.**

**Точка 13. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2021 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Катерина Ризова вработена во општината.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за 2021 година и **Советот со 15 гласа за и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 14. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2021 година**.

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за 2021 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Катерина Ризова вработена во општината.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија за 2021 година и **Советот со 10 гласа за и 5 против и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 15. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци за 2021 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Катерина Ризова вработена во општината.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци за 2021 година и **Советот со 10 гласа за 5 против и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 16. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Климент Охридски"- Миравци за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Климент Охридски"- Миравци за 2021 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Катерина Ризова вработена во општината.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ "Климент Охридски"- Миравци за 2021 година и **Советот со 10 гласа за 5 против и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 17. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООМУ "Васо Карајанов"- Гевгелија за 2021 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Катерина Ризова вработена во општината.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за 2021 година и **Советот со 15 гласа за и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 18. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура "Македонија" - Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура "Македонија" - Гевгелија за 2021 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Весна Ристова директор на ЈОУ Дом на култура “Македонија“ – Гевгелија.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Дом на култура “Македонија“ - Гевгелија за 2021 година и **Советот со 9 гласа за и 5 против и 2 не гласале го усвои.**

**Точка 19. Предлог-Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Библиотека “Гоце Делчев“ Гевгелија за 2021 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Библиотека “Гоце Делчев“ Гевгелија за 2021 година

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Дамјан Ѓуров директор на ЈОУ Библиотека “Гоце Делчев“ Гевгелија.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Библиотека “Гоце Делчев“ Гевгелија за 2021 година и **Советот со 10 гласа за ,5 против и 1 не гласал го усвои.**

**Точка 20. Предлог-Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од општа надлежност-Гевгелија за 2020 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Заклучокот за усвојување на Полугодишниот извештај за безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од општа надлежност-Гевгелија за 2020 година.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Горан Динев командир по сообраќајна полиција во ПС од општа надлежност-Гевгелија ,Магдалена Делковска член на Совет.**

Претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Заклучокот за усвојување на Полугодишниот извештај за безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на ПС од општа надлежност-Гевгелија за 2020 година и **Советот со 10 гласа за и 5 воздржани го усвои.**

**Точка 21. Информација за состојбата со мигрантската криза од 01.01.2020 до 30.06.2020 година, со акционен план за превенција и справување со влез и транзитирање на мигранти низ територијата на РСМ.**

Претседателот отвори претрес по Информацијата за состојбата со мигрантската криза од 01.01.2020 до 30.06.2020 година, со акционен план за превенција и справување со влез и транзитирање на мигранти низ територијата на РСМ.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Зоран Лазаровски член на Совет.**

**Точка 22. Информација за работењето на Регионалната занаетчиска комора-Гевгелија за периодот од 2019 година до 15.06.2020 година.**

Претседателот на Совет ја поовлече оваа точка од Дневен ред бидејќи не беше присутен претставник и ќе се разгледува на наредната седница.

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори четириесет и седмата седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**
**с.р.**